# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

За периодот јули – септември 2025 година

Ноември, 2025 година

## СОДРЖИНА


1. Резиме
2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)

   а) Управен одбор

   б) Комисија за образование, обука и публикации

   в) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

   г) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

   д) Комисија за контрола на квалитетот

   ѓ) Дисциплинска комисија

   е) Комисија за стандарди за ревизија
3. Судски постапки


## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот јули – септември 2025 година, беа усвоени следните:

- ✓ Одлука за одобрување на Препораката за зачленување во ИОРРСМ на овластен ревизор Магдалена Ивановска Ралевска.
- ✓ Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот април – јуни 2025 година.
- ✓ Одлука за издавање уверение за ревизор, за лицето Ристе Златевски.
- ✓ Циркуларно писмо број 7 - *Насоки за континуирано следење на исполнувањето на законските услови според кои што друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци се здобиле со лиценца за работа* подготвено од Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори.

## НАСТАНИ И СОСТАНОЦИ



На 25.09.2025 година, беше одбележан Денот на ревизорот #auditorproud day. Денот на ревизорот е настан кој што се одбележува последниот четврток во септември секоја година ширум светот.

Во периодот од 7-11 јули 2025 година, на покана на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, во рамки на Проектот за подобрување на институционалниот капацитет за финансиско известување и известување за одржливост (EEASURE) на Светската банка, Центар за реформи во финансиското известување, членовите на Управниот одбор на ИОРРСМ Марјонка Николовска и Александра Кузмановска присуствуваа на едукативен настан за примена на МСФИ 17 - Договори за осигурување. Предавач на настанот беше консултантот Дарел Скот. Настанот беше наменет за подобрување на знаењето и подготовка на институциите за примена на новите регулаторни барања за сметководство и финансиско известување за договори за осигурување во Македонија.

Во периодот од 02-16 јули 2025 година, беа одржани вебинари во организација на CFRR’s Regional program Enhancing Accounting, Auditing, and Sustainability Reporting

Program (EAASURE) во соработка со IFRS Foundation и International Sustainability Standards Board (ISSB). Вебинарот беше одржан со цел да се покрене свесноста за тоа како националните регулатори, креатори на политики, пазарни учесници и други засегнати страни може да ги користат ISSB стандардите за адресирање на клучни прашања во известувањата за одржливост. Поканата за учество на овој вебинар беше проследена до членството на ИОРРСМ.

На 14 јули 2025 година до членството на ИОРРСМ беше доставена он-лајн алатка дизајнирана да им помогне на малите и средни претпријатија за да добијат придобивки од примената на одржливоста во нивната стратегија и деловното работење. Алатката со назив *The Small Business Sustainability Checklist* е креирана од страна на IFAC во соработка со Edinburgh Group и е развиена конкретно за членовите на IFAC и Edinburgh Group.

На 14.07.2025 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и Генералниот секретар Татјана Тодоровска преку видео-конференција, остварија средба за запознавање со новиот извршен директор на Accountancy Europe, Eelco van der Enden во врска со условите и други прашања за процесот на зачленување во организацијата, како и дискусија за надлежностите и активностите на Accountancy Europe.

На 30.07.2025 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, одржа запознавачки состанок со новоназначениот претседател на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (СУНСП) Дарко Дачевски.

На 22.08.2025 година, претставници на стручната служба на ИОРРСМ Калина Велковска и Соња Чешарек, посетија еднодневна обука во врска со новиот Закон за архивско работење, организирана од Институтот Концепт.

На 03.09.2025 година, Калина Велковска, претставник на стручната служба на ИОРРСМ посети предавање за системот за е-регистрација, запознавање на нови функционалности при најава во Централизираниот систем на корисници, како и користењето на Дистрибутивниот систем, организирано од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија.



На 05.09.2025 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и директорката на Централниот регистар Анита Стамнова потпишаа Меморандум за соработка, помеѓу ИОРРСМ и ЦРРСМ.

Целта на Меморандумот е унапредување на соработката помеѓу двете институции во вршењето на своите законски надлежности, преку редовна и ефикасна размена на податоци и информации од нивниот делокруг на работа.

На 10.09.2025 година се одржа првиот состанок на Работната група за Законот за ревизија во состав: претставници од ИОРРСМ (Јане Иванов, Љубица Јоанидис, Александра Кузмановска и Антонио Велјанов, членови на Управен одбор) и претставници на СУНРРСМ (Лидија Нануш, член на СУНРРСМ и Марија Кузманов, вработена во стручната служба на СУНРРСМ). Агендата на работната група, засега има две точки: Закон за ревизија и прашања поврзани со конттрола на квалитет.



На 15.09.2025 година, на покана на International Ethics Standards Board for Accountants (IESBA), Биљана Поповска, претседател на Дисциплинската комисија на ИОРРСМ присуствуваше на еднодневна конференција во Лисабон,

Португалија. Под мотото на конференцијата *Столбови на отпорност и конкурентност во турбулентни времиња*, како дел од темите беа застапени: етика во светот на регулаторни промени и трансформација на пазарот, доверба и транспарентност на пазарите за капитал, етичка култура и управување – зајакнување на отпорноста и јавната доверба во сметководствените фирми и други теми, на кои што присуствуваа повеќе од 150 учесници од Европа и САД.

На 18.09.2025 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски одржа состанок со г-ѓа Зринка Братиќ извршен директор на Хрватската ревизорска комора каде што беа дискутирани прашања од заеднички интерес и потпишувањето на меморандум за соработка помеѓу двете институции.

На 24.09.2025 година, заменик претседателот на ИОРРСМ Јане Иванов, присуствуваше на настан организиран од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија, по повод одбележувањето на 24 годишнината од основањето на институцијата.

## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 256-та, 257-та и 258-та седница, на кои што ги усвои /одобри следните:

- Одлука за одобрување на Препораката за зачленување во ИОРРСМ на овластен ревизор Магдалена Ивановска Ралевска.
- Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот април – јуни 2025 година.
- Одлука за издавање уверение за ревизор, за лицето Ристе Златевски.
- Циркуларно писмо број 7 - *Насоки за континуирано следење на исполнувањето на законските услови според кои што друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци се здобиле со лиценца за работа* подготвено од Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори.

Управниот одбор разгледуваше: Квартален извештај за спроведување на контроли на квалитет со состојба на 30.06.2025 година, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за редовно квартално известување, ажуриран Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2024/2025 година (Термински план), информација од Комисија за контрола на квалитет, за друштва за ревизија кај кои контролата на квалитет не била извршена во период подолг од 3 години, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за полугодишно известување, Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2025/2026 година за натамошно проследување до СУНРРСМ.

Управниот одбор разгледуваше и предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, како и дописи и други поднесоци доставени од СУНРРСМ и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## б) Комисија за образование, обука и публикации

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Подготви Информација до Управниот одбор на ИОРРСМ во врска со исполнување на законската обврска за следење на КПУ за период 2024-2023-2022 година. Составен дел на информацијата е Предлог за понатамошно постапување за секој член поединечно во врска со член 28 од Законот за ревизија.
- Организираше подготвителни активности за спроведување на настани за КПУ во 2025 година согласно Годишната програма за КПУ за 2025 година.
- Го одобри Билтенот на ИОРРСМ за периодот април-јуни 2025 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## в) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

- Го разгледа Извештајот за резултатите од спроведување на испитот во испитна сесија - јуни/јули 2025 година, доставен од координаторот проф. д-р Марина Трпеска и ги утврди резултатите од оваа испитна сесија.
- Усвои Извештаи за оценување по барање на кандидати кои го полагаа испитот во испитна сесија - јуни/јули 2025 година.
- Усвои Извештај за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во испитна сесија - јуни/јули 2025 година.
- Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за вонредна испитна сесија - септември/октомври 2025 година.
- Разгледуваше барања за полагање на испит со придружна документација, доставени од страна на заинтересирани кандидати, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот.
- Усвои список на кандидати кои пријавиле испити во рок за редовно пријавување во вонредната испитна сесија - септември/октомври 2025 година и утврди датуми за полагање на испитите во оваа испитна сесија.
- Назначи координатор, одговорно лице, набљудувачи и оценувачи за вонредната испитна сесија - септември/октомври 2025 година.

На 25 септември и 03 октомври 2025 година беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## г) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Усвои Предлог до Управниот одбор на ИОРРСМ за лицата кои стекнале право за добивање на Уверение за ревизор, кои квалификацијата за ревизор ја стекнале во странство.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за контрола на квалитетот

Во периодот јули – септември 2025 година, Комисијата за контрола на квалитетот:

- Донесе годишен план и термински план на контроли на квалитет за 2025/2026 година;
- Усвои квартален извештај за спроведените контроли за периодот до 30.06.2025 година;
- Подготви информација за друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци на кои не била извршена контрола на квалитет во период подолг од три години;

Комисијата разгледуваше актуелни прашања, извршуваше активности поврзани со спроведување на Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 година и разгледуваше други прашања поврзани со надлежностите на Комисијата согласно Статутот. Контролорите на квалитет извршуваа активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 година и Годишниот план за контрола на квалитет за 2025/2026 година.

## ѓ) Дисциплинска комисија

Дисциплинската комисија во периодот јули – септември 2025 година:

- Спроведе дисциплинска постапка за овластен ревизор – трговец поединец. Врз основа на Заклучок од доказна постапка, Дисциплинската комисија подготви и усвои Препорака до Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ – Времено исклучување од членство за период од три години, поради повреда на член 20-а од став (2) точка 3) од Законот за ревизија.
- Спроведе дисциплинска постапка за овластен ревизор. Врз основа на Заклучок од доказна постапка, Дисциплинската комисија подготви и усвои Препорака до Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ – јавна опомена, поради повреда на член 20-а од став (2) точка 3) од Законот за ревизија.

Дисциплинската комисија разгледуваше дописи и други актуелни прашања, и спроведуваше активности согласно надлежностите на комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

## е) Комисија за стандарди за ревизија

Комисијата за стандарди за ревизија во периодот јули – септември 2025 година :

- Подготви и усвои текст на предлог – Циркуларни писма за доставување до Управниот одбор на ИОРРСМ и тоа:
  - Циркуларно писмо број 3 (ревидирано октомври 2025) - *Како да се одрази врз ревизорското мислење ситуација кога клиентот нема подготвено годишен извештај за работа*;

- Циркуларно писмо број 8 - *Ротација на овластените ревизори согласно барањата на целокупната регулатива во државата (Закон за ревизија, Закон за банки, Закон за супервизија во осугурувањето итн..) како и барањата на Кодексот на етика*;
- Циркуларно писмо број 9 - *Повикување на Меѓународните стандарди за ревизија во параграфот Основи за мислење, без дополнително објаснување дека се преведени и прифатени во Република Северна Македонија*;
- Циркуларно писмо број 10 - *Повикување на Релевантните етички барања во делот на Основи за мислење,со повикување како кон IESBA Code, така и кон етичките барања кои се релевантни за ревизија според локално законодавство*.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## 3. Судски постапки

### I. Управни спорови

Во рамки на извештајниот период јули – септември 2025 година, по однос на управните спорови по тужбите од овластен ревизор Стојанчо Коцев и овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица, кои што се во жалбена постапка од 2024 година, сеуште нема исход.